| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролетта ни пристигна |
| **Содржина на денот** | Препознај ме |
| **Возраст** | 4 – 6 години |
| **Воспитувач** | Анета Симоновска |
| | |
| **Здрави и безбедни навики** | - Разговор со детето за редовното одржување на хигиена на рацете како и одржување на физичко растојание. |
| **Активности** | - Набљудувајте ги заедно со детето предметите во домот. Разговарајте со него како би ги групирале истите предмети, притоа применувајќи го терминот множество. На пример: „ На што седиме додека ручаме?“( на столици ), значи имаме множество столчиња. Продолжувате на истиот начин со формирање множество од цвеќиња, множество од чинии, множество книги , множество играчки и слично.<br>- На детето може да му дадете логички плочки или претходно да исечете апликации од готови форми на квадрат, круг, триаголник и правоаголник. Детето игра со плочките и истражува. Побарајте од детето да формира множество од кругови, множество од триаголници, множество од квадрати или правоаголници. Може да се поставуваат прашања од типот: „Дали кругот припаѓа на множеството триаголници? , со одговор „Не му припаѓа“. Исто така може да се постави прашање „Која геометриска форма припаѓа на ова множество?“ и слично.<br>- Мотивирајте го детето да си поигра со логичките плочки, притоа свртувајќи им го вниманието да формира множества логички плочки според форма.<br>- Дадете му на детето работен лист на кој претходно се нацртани неколку круга, триаголници, правоаголници и квадрати, а тоа нека формира множество од логички плочки со форма на квадрат со тоа што ќе ги заокружи квадратите. Истото може да го повторите и со останатите форми. |